Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**




# PORSCHE BOXTER RS 60 SPYDER



"Porsche" ја откри новата верзија на својот Boxter пред нејзиното светско деби на Салонот во Болоња. Новиот автомобил го носи името Boxter RS 60 Spyder. Автомобилот е инспириран од класичните тркачи со отворен кров од педесеттите години, како што е Porsche Type 718 RS Spyder. Користејќи го Boxter S како автомобил донатор, дизајнерите додале нов преден браник со интегриран спојлер, 19-инчни леснометални бандажи од Porsche SportDesign, издув со зголемен проток и со дупли издувни цевки и контрола на стабилност Porsche Active Suspensiot Menagement - PASM. И за крај го преработиле и моторот, кој сега дава здрави 303 кс. Автомобилот е обоен во уникатната метална боја GT Silver, комбинирана со природно штавена кожа, со која е преслечен ентериерот во Carrera црвена боја. Покривот има иста боја. Се очекува Porsche Boxter RS 60 Spyder да пристигне во продажните салони во март 2008 година, со почетна цена од 53.500 евра без данок, а производството ќе биде ограничено на 1.960 примероци.



# НОВ СПОРТСКИ УБАВЕЦ - MERCEDES BENZ SLC

"Mercedes" веќе има еден суперспортски модел во својата гама, меѓутоа неговата екстремно висока цена не ѝ носи многу профит на компанијата. Mercedes SLR McLaren е поредок дури и од некои ексклузивни италијански модели.

Затоа во текот на 2009 година, "Mercedes" ќе лансира нов модел со средишно сместен мотор и погон назад. Нема да биде лишен од суперспортските перформанси, но и нема да се користат скапите материјали како карбонфибер и керамички сопирачки дискови. Многу е извесно дека во развојот на овој модел нема да учествува "McLaren", туку "Mercedes" самостојно ќе го развива моделот.

Вратите треба да се отвораат нагоре, исто како во поскапиот брат. Моторот ќе биде 6,2 литарски V8. Има најави дека силата ќе биде 700 кс. Но, толку јак погон и ниска цена едноставно не се можни, нели?

Фотографијата е претпоставка како може да изгледа. Цената на конечниот модел ќе биде околу 150.000 евра. Иако на прв поглед изгледа скапо, сепак тоа е сума значително пониска од таа на Mercedes SLR McLaren.



## ФЛЕШ ВЕСТИ

### СТОП, ЦРВЕНО

**"Toyota" го претстави својот нов изум со чија помош автомобилот самиот запира доколку пред него има семафор кој свети црвено, во надеж дека ќе се намали бројот на сообраќајни незгоди на патиштата, предизвикани токму поради непочитување на сообраќајните знаци од страна на возачите. Сигурносниот систем се базира на рецептори кои се вградени во кабината. Притоа, се активира визуелно и звучно предупредување, а во случај возачот да не обрне внимание, би требало автомобилот сам да застане пред црвениот семафор. "Toyota" најавува и сигурносен систем за сопирање пред знакот "стоп" кој, слично како и системот за семафори, предвидува запирање на возилото доколку возачот не покаже намера да запре пред знакот.**


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

**ДЕНТА НОВА**

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија



Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com

SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "